**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 11- 841/2**
**Скопје, 25.11.2005 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА „ВИТОЛИШТЕ„**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на единицата на локална самоуправа Витолиште за 2004 година, кои се прикажани на страните од 7 до 9 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на Општина Витолиште за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Стојан Биновски, градоначалник на општина Витолиште, од 01.01.2004 година до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 6, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 01.07. до 12.07.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - Лилјана Стојанова - Помошник ГДР, и овластен државен ревизор;
   - Петре Гаврилов - Виш ревизор;
   - Лила Зафировска - Ревизор;
   - Стојан Николовски - Помлад ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на акти**

10.1.1. Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во општина Витолиште бр. 08-120/5 од 23.06.2003 година и Одлуката за организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација не се усогалсени во законски определениот рок од шест месеци (до јуни 2002 год.), согласно член 91 од Законот за локална самоуправа (Сл.в. на РМ бр.5/02), со одредбите на Законот за локална самоуправа. Неусогласувањето придонесува да неможе да се изврши пополнување на оптималните работни места неопходни за извршување на работите и задачите.
**Препорака:**
По овој наод ревизијата не дава препорака од причини што по законскиот рок е извршено усогласување на актите со постојната законска регулатива.

10.1.2. Кај благајничкото работење се јавуваат определени недостатоци и пропусти

- Нема донесено Одлука за благајнички максимум.
- Благајничките извештаи не се изготвуваат редовно при секоја промена на состојбата во благајната и не се поткрепени со комплетни сметководствени документи (каса исплати, каса прими, фискални сметки и др.), со кои ќе се потврдат исплатите и уплатите во благајната.
- Благајникот кој е вработено лице во ПЕ на Министерството за финансии не е овластено лице за подигање на готовина од сметката туку подигањето на средства го вршат лица вработени во општината.

Предходното доведува до нереално искажување на паричните средства во благајната и можни злоупотреби на истите.
**Препорака:**
Ревизијата цени дека квалитетот на благајничкото работење и неговото евидентирање значително ќе се подобри доколку субјектот пропише акт за благајничко работење, и ги разграничи надлежностите и одговорностите на вработените.

## 10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела

10.2.1. Општина Витолиште нема воспоставен систем на редовна внатрешна сметководствена контрола, што е спротивно на член 17 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Ефектот од немање на редовна внатрешна сметководствена контрола овозможува ненаменско трошење на јавните средства и зголемени трошоци.

**Препорака:**

Да се почитуваат одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници поточно член 17 и да се воспостави систем на редовна внатрешна сметководствена контрола.

10.2.2. Не е извршен целосен попис на средствата и изворите на средства со состојба на 31.12.2004 година.

- Пописот не е комплетен, не е извршен попис на паричните средства, побарувањата, ситниот инвентар и обврските. Исто така нема извршено попис на деловниот простор, опремата и ситниот инвентар дадени под закуп, ниту пак има добиено пописна листа од закупците.
- Комисијата за попис нема изготвено извештај, како и не е извршено усогласување на сметководствената со фактчката состојба, согласно одредбите на член 33 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и член 21 од Законот за сметководство на буџетите и буџетски корисници.
- Општината го нема евидентирано имотот добиен со делбен биланс по Решение на Влада на РМ бр. 23-257/86 од 08.02.2000 година. Исто така нема имотни листи за сопственоста на овие објекти.

Ова се должи на слабата кординација помеѓу комисијата за попис и одделението за сметководство како и немање на интерни акти за спроведување на пописот, за утврдување на реалната состојба на средствата и нивните извори.

**Препорака**

- Да се обезбедат имотни листи од надлежниот орган за имотот со кој располага општина Витолиште.
- Да се изврши вонреден попис и да се изврши проценка на недвижностите кои не се евидентирани во книговодствената евиденција и да се евидентираат како материјални средства во книговодствената евиденција на општина Прилеп, бидејќи согласно новиот Закон за територијална организација на Република Македонија општина Витолиште е утврдена како населено место во состав на општината Прилеп.

## 10.3.Неправилности во искажување на приходите и расходите

10.3.1. Ставката - Основни плати и наемнини во Билансот на приходи и расходи, во делот на потставката Основни плати- функционери е преценета во вкупен износ од 27 илјади денари, за исплатената повисока функционерска плата на Градоначалникот. Наведеното е спротивно на Законот за исплата на плати и надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и на другите избрани и именувани лица во Републиката. За истиот износ е потценет вишокот на приходи над расходи.

10.3.2. Ставката Надоместоци во Билансот на приходи и расходи е преценета во вкупен износ од 88 илјади денари, за кој износ се преценети трошоците а е потценет вишокот на приходи над расходи за неосновано исплатениот паушален надомест на Градоначалникот, спротивно на Законот за исплата на плати и надоместоци на

пратениците во Собранието на Република Македонија и на другите избрани и именувани лица.

10.3.3. Ставката основни плати работници во Билансот на приходи и расходи е прецenета за износ од 20 илјади денари а потценет е вишокот на приходи над расходи, за повеќе исплатена плата за еден вработен спротивно на член 3 од Законот за исплата на плати во Република Македонија.

**Препорака:**

При исплата на платите и надоместоците да се почитуваат одредбите од Закон за локална самоуправа, Законот за плати и други надоместоци на избраните и именуваните лица во РМ, Законот за исплата на платите во Република Македонија и другата законска регулатива која ги третира платите и надоместоците на вработените во ЕЛС.

10.3.4. Ставката Придонеси од плати и персонален данок во Билансот на приходи и расходи е преценета, а е потценет вишокот на приходи над расходи за износ од 48 илјади денари за платениот персонален данок и придонеси за предходно споменатите исплати на надоместоци и плати. Необјективно исплатените плати и надоместоци доведуваат до зголени трошоци по основ на персонален данок и придонеси.

10.3.5. На ставката капитални расходи во 2004 година, евидентирани се расходи во износ од 2.417 илјади денари од кои за инвестиционен Објект – изградба на Микроакумулација Студена вода, цевовод од микроакумулација до филтерска станица-резервоар, филтерска станица и резервоар, цевовод од резервоар до село и цевовод низ село за водоснабдување на с. Чаниште, износ од 2.387 илјади денари.

На 18.10.2003 година склучен е договор со правниот субјект ТД Прилепец Прилеп АД под број 03-138/17 од 27.10.2003 година за изградба на предметниот објект.

Инвеситорот и Изведувачот се договориле вредноста на вкупните градежни работи да изнесува 31.610 илјади денари, исто према Понуда-пресметка бр. 07-427/1 од 11.09.2003 година со која изведувачот учествувал во постапката за јавна набавка.

Во врска со начинот на обезбедување на парични средства со договорот е регулирано дека инвеститорот има обезбедено парични средства за неповратно финансирање за изградба на предметниот објект по проект од овој договор само во висина на паричниот износ од 5.787 илјади денари кои му се одобрени од страна на Бирото за стопански недоволно развиени подрачја – Скопје со Решение бр.07-868/4 од 25.07.2003 година. Поради тоа инвеститорот и изведувачот се договориле да се изведат градежни и занаетчиски работи на објектот по проектот до висина на паричните средства што до тогаш ги има обезбедено инвеститорот.

Бирото за неразвиени подрачја во 2003 и 2004 година има обезбедено вкупно средства во износ од 5.787 илјади денари и истите се во целост исплатени на изведувачот по прва и втора времена ситуција.

Од страна на Бирото за неразвиени подрачја е направен увид на лице место на изградабата на објектот и било констатирано дека градежните работи наведени во првата и втората времена ситуација, а врз основа на кои е извршена исплатата на средствата, не одговараат на реално извршените работи. Исто така и цените на работите по одредени позиции се многу повисоки од проектираните и објективизираните од Бирото.

Поради претходно споменатите состојби ревизијата направи увид на лице место на состојбата на реализација на Објектот - Изведување на градежни работи на Микроакумулација Студена вода-цевовод од микроакумулација до филтерска станица с.Чаниште и констатира дека износот што е платен за извршени работи од 5.787 илјади денари на изведувачот ТД Прилепец Прилеп не соодветствува на реално извршените работи. (прилог фотографии направени при извршениот увид на лице место).



***Ул:"Маршал Тито"бр.12/3***
***Палата Македонија-Скопје;***
***тел: 3211-262; факс: 3126-311***

***Овластен државен ревизор***

Ревизијата е на мислење дека расходите искажани на оваа ставка, по основ на претходно споменатиот објект, се неосновани и за истите преценета е состојбата на капиталните расходи за 2004 година за износ од 2.387 иљјади денари за кои износ потценет е вишокот на приходи.

**Препорака:**

Општина Прилеп да преземе мерки за расчистување на состојбата со изведувачот на овој објект во заемна соработка со надлежните институции во Републиката, да се утврди реалната состојба и да се преземат мерки за изградба на објектот во висина на исплатените средства .

**10.4. Ненаменско и незаконско користење на средства**

10.4.1. Неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки:

- Не е донесен план за вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на производи (стоки), услуги и работи, со кој се определува и динамиката за реализација на набавките и постапката за јавна набавка која ќе се користи;
- Не е донесен интерен акт – Правилник за регулирање на начинот и постапката на набавките од мала вредност и
- Не се води посебна евиденција за малите набавки.

10.4.2. Со увид во документацијата од отворен повик бр.01/03 (03-138/4 од 06.08.2003 година) за објект: Изградба на водовод с.Чаниште, изведувач Прилепец Прилеп за кој се вршени плаќања во 2004 година ревизијата го утврди следното:

- документацијата од понудувачтите не беше дадена на увид, по изјава од вработен истата е земена од градоначалникот и не е вратена;
- записник за избор на најповолен изведувач нема;
- со оглед на тоа што вредноста на набавката изнесува повеќе од 260,000 евра во денарска противвредност општината Витолиште била должна согласно член 35 од Законот за јавни набавки набавката да ја спроведе преку ограничен повик.

10.4.3. За зимско одржување на локални патишта и улици постапката за јавна набавка не е извршена во склад со Законот за јавни набавки. Документацијата не е комплетна, има само една понуда, другите две не се отворени. Склучен е договор со непосредна спогодба со Марина М Битола.

10.4.4. Во текот на 2004 година извршена е набавка по пат на прибирање на понуди за тампонирање локални улици с.Полчиште,с.Бешиште и с.Витолиште, во записникот е констатирано дека понудите се комплетни но со увид во истите ревизијата утврди дека истите не се комплетни. Склучен е договор со Марина М Битола иако нема комплет документација.

Неспроведување на постапките за јавни набавки создаваат можност за фаворизирање на одредени субјекти, го занемарува принципот на конкуренција и овозможува набавки по зголемени цени.

**Препорака:**

- Да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката;
- Општината до крајот на јануари од тековната година да донесе план за вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на производи (стоки), услуги и работи, со кој се определува и динамиката за реализација на набавките и постапката за јавна набавка која ќе се користи;

- Општината да донесе интерен акт за регулирање на начините на набавките од мала вредност.

11.Вкупниот ефект од изнесените наоди во точката 10.3. е преценување на расходите и потценување на вишокот на приходи над расходи за вкупен износ од 2.570 илјади денари во Билансот на приходи и расходи за 2004 година.

12. Според наше мислење поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.3.,финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Органот на Општина Витолиште под 31.12.2004 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките од 10.3. кај единицата на локална самоуправа Витолиште не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

14. Обрнуваме внимание во овој извештај, дека општина Витолиште е тужена странка во повеќе судски спорови и тоа:

- За надомест на штета во износ од 4 илјади денари и трошоци во износ од 4 илјади денари тужител физичко лице;
- Општина Витолиште е тужена во судски спор со АД ЕСМ наплата на парично побарување во износ од 247 илјади денари;
- Во судски спор за наплата на парично побарување каде тужител е ЈП Македонија пат ПЕ Битола на износ од 199 илјади денари заедно со судски трошоци;
- Општина Витолиште е тужена и во судски спор кој е потврден со пресуда за исплата на долг со Бито Плус ДООЕЛ Прилеп на износ од 523 илјади денари и судски трошоци на износ од 35 илјади денари, и
- Судски спор поведен од физичко лице за исплата на надомест на трошоци за присуство на седници на износ од 40 илјади денари.

Конечна разврска по ова прашање засега не може да се утврди ниту пак е изразена резерва по овој основ за евентуални ефекти врз финансиските извештаи на општина Витолиште за годината која завршува со 31 Декември 2004 година.

**Скопје, 11.11.2005 година**

**Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

**Општина Витолиште - Орган**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.3. | 118 | 95 |
| Неданочни приходи | 3.4. | 8 | 6 |
| Трансфери и донации | 3.5. | 4,802 | 6,487 |
| **Вкупно приходи** | | **4,928** | **6,588** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | 3.1 | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.1.1. | 1,335 | 1,502 |
| Стоки и други услуги | 3.1.2. | 903 | 1,054 |
| Тековни трансфери | 3.1.3. | 53 | 19 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **2,291** | **2,575** |
| **Капитални расходи** | 3.2. | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 2,637 | 4,013 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **2,637** | **4,013** |
| **Вкупно расходи** | | **4,928** | **6,588** |

**Општина Витолиште - Орган**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2004**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | 4.1. | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 0 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 1,125 | 874 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1,125** | **874** |
| **Постојани средства** | 4.2. | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 603 | 661 |
| **Вкупно постојани средства** | | **603** | **661** |
| **Вкупна актива** | | **1,728** | **1,535** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | 4.3. | | |
| Краткорочни обврски по основ на хартии од вредност | | 0 | 0 |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 1,125 | 917 |
| Финансиски и пресметковни односи | | 0 | 104 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **1,125** | **1,021** |
| **Извори на средства** | 4.4. | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 603 | 1,005 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **603** | **1,005** |
| **Вкупна пасива** | | **1,728** | **2,026** |


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба на ден 01 Јануари 2004** | **1,005** | **1,005** |
| **Зголемување по основ на:** | **9** | **9** |
| Набавки | 9 | **9** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | - | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **411** | **411** |
| Отпис на капитални средства | - | **-** |
| Корекции поради погрешно евидентирање | 411 | 411 |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | **-** |
| Амортизација | - | **-** |
| **Состојба на ден 31. Декември 2004** | **603** | **603** |



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*

## ФОТОГРАФИИ ОД ИЗВРШЕН УВИД НА МИКРОАКУМУЛАЦИЈАТА „СТУДЕНА ВОДА“ ВО С. ЧАНИШТЕ



**Фотографија 1-Бетонска преливна шахта**



**Фотографија 2-Одводна бетонска шахта**



**Фотографија 3-Петнаесет парчиња црева Ф-140 оставени по трасата**